**OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights**
**Election Observation Mission**
**Parliamentary Election, 2008**
**former Yugoslav Republic of Macedonia**

# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
**30 април – 19 мај 2008 година**

## I. КРАТОК ОСВРТ

- На предвремените парламентарните избори кои ќе се одржат на 1 јуни ќе учествуваат вкупно 1.540 кандидати на 18 кандидатски листи. 120 пратеници, по 20 во секоја од шесте изборни единици, ке се избираат според пропорционалниот изборен модел.

- Две коалиции, 16 политички партии и двајца независни кандидати поднесоа кандидатски листи за регистрација. На 4 мај Државната изборна комисија (ДИК) ги потврди сите , со исклучок на кандидаските листи на две партии.

- Периодот пред отпочнувањето на кампањата беше обележан со високо ниво на политичка активност, остра реторика и насилни дејствија. Прашањето на спроведување на кампања пред официјалниот почеток на истата беше дискутирано од страна на ДИК и на Советот за радиодифузија, но не се донесе ниедна конечна одлука.

- Официјалната изборна кампања започна на 11 мај и една меѓународна НВО промовира Кодекс на однесување кој беше потпишан од страна на сите политички партии кои учествуваат на изборите.

- Од закажувањето на предвремените избори се случија бројни напади врз канцеларии на партии, како и други инциденти на насилство. Инцидентите, главно беа во области во северниот и западниот дел од земјата кои се населени со етнички албанско население. Во некои региони тензиите продолжуваат да бидат силни. Најзначајниот инцидент е забележан на 12 мај, кога надвор од Тетово се случи напад чија цел бил лидерот на ДУИ, најголемата албанска партија застапена во Собранието.

- Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОБСЕ/ОДИХР го започна набљудувањето на медиумите на 30 април. Првичните сознанија посочуваат дека постои пристрасност на јавните радиодифузери и на некои приватни ТВ станици и тоа во прилог на партиите кои се дел од владеачката коалиција. Собранието беше распуштено пред да може да ги донесе правилата за радиодифузерите за известување за време на изборите. Меѓутоа, Советот за радиодифузија на своја рака издаде Правила и упатуваше предупредувања и санкции врз некои од радиодифузерите.

- Од Парламентарните избори во 2006 година Изборниот Законик не е изменет. Законската регулатива обезбедува генерално цврста и конзистентна основа за одржувањето на избори. Имајќи го тоа на ум, треба да се истакне дека законската регулатива сеуште содржи контрадикторности и ѝ недостасува јаснотија во однос на некои важни прашања како што се приговорите и жалбите.

- Претстојните избори ги спроведува изборна администрација на три нивоа која ја вклучува ДИК, 84 Општински изборни комисии и 2.976 Избирачки одбори. Работата на ДИК беше отворена за сите набљудувачи, но мал број од одлуките на ДИК се сметаат за контроверзни. Праксата на назначување на членовите на изборните комисии од редовите на државните и јавните службеници е поздравена од страна на сите учесници во изборниот процес.

- Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР ја започна својата работа на 30 април. Дваесет долгорочн набљудувачи беа распоредени низ земјата на 6 мај.

## II. ВОВЕД

Собранието на поранешната југословенска Република Македонија гласаше за своето распуштање на 12 април 2008 година и беа свикани предвремени избори на 1 јуни 2008 година. На покана на Министерството за надворешни работи, ОБСЕ/ОДИХР на 30 април воспостави Мисија за набљудување на изборите (МНИ). МНИ, раководена од амбасадорот Роберт Бери, е составена од централен тим составен од 13 члена со седиште во Скопје и 20 долгорочно ангажирани набљудувачи кои се со седишта на девет локации низ земјата. 174 назначени и финансирани краткорочно ангажирани набљудувачи ќе го следат процесот на гласање на денот на изборите.

## III. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Предвремените избори кои ќе се одржат во поранешаната југословенска Република Македонија на 1 јуни 2008 година ќе бидат десетти по ред избори кои се набљудувани од страна на ОБСЕ/ОДИХР[1]. ОБСЕ/ОДИХР оцени дека Парламентарните избори од 2006 година во голема мера беа во согласност со заложбите на ОБСЕ, но „случаите на насилство и застрашување кои беа присутни во текот на првата половина од кампањата и бројните случаи на сериозни неправилности на денот на изборите, фрлија сенка“[2] на целокупниот процес.

Владата која се формираше по изборите во 2006 година беше предводена од Никола Груевски и се состоеше од неговата партија, Внатрешната македонска революционерна организација-Демократска Партија за Македонско Национално Единство (ВМРО-ДПМНЕ), Демократската парија на албанците (ДПА) и Новата Социјал Демократска Партија на Македонија како главни коалициони партнери. Иако коалицијата се стекна со просто мнозинство во Собранието, таа не успеа да го постигне квалификуваното мнозинство потребно за донесување на закони од значење за етничките заедници.

Недостигот на квалификувано мнозинство, тешкотиите во процесот на интеграција во ЕУ и НАТО и неразрешената ситуација со официјално признаеното име на земјата се главните фактори кои се наведуваат како причини за одржувањето на предвремени избори. Предлогот да се распушти Собранието, кој беше поднесен од страна на Демократската унија за интеграција (ДУИ) беше поддржан од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. На ваквата одлука се противеа Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и Либерално-демократската партија (ЛДП), како и нивните коалициони партнери, НСДП и Либералната Партија (ЛП), кои тврдеа дека тоа би значело дополнително одложување на неопходните реформи кои се поставени како репери од страна на ЕУ за започнување на преговорите за прием.

Уште од свикувањето на изборите владата ја истакнуваше својата заложба за спроведување на демократски избори, без насилство и застрашување. Меѓународната заедница го спомена тоа како *де факто* критериум за членство на земјата во ЕУ и НАТО. Меѓутоа, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР истакна, дека предизборниот период и почетокот на

[1] Претходните извештаи за изборите на ОБСЕ/ОДИХР можат да се најдат на: http://www.osce.org/odihr-elections/14365.html
[2] Крајниот извештај на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР за Парламентарните избори во 2006 година може да се најде на: http://www.osce.org/documents/odihr/2006/09/20610_en.pdf

изборната кампања беа обележани со насилни дејствија и остра реторика. Беше известено за бројни напади врз канцеларии на партии, а се случија и инциденти кои вклучуваа пукотници од кои најзначаен е оној на 12 мај надвор од Тетово чија цел бил лидерот на ДУИ.

Од 2002 година Парламентарните избори се спроведуваат според пропорционалниот изборен модел, во шест изборбни единици кои имаат приближно ист број на регистрирани гласачи. Притоа, од секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници. Изборните единици не кореспондираат со постоечките административни/територијални единици, но општо земено, ги следат општинските граници. Овој пристап беше со намера да се зајакне целокупната стабилност преку фокусирање на политичкиот натпревар внатре во заедниците.

## IV. ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за изборите главно е содржана во Изборниот Законик кој влезе во сила неколку месеци пред парламентарните избори во 2006 година. Законската регулатива обезбедува генерално цврста и конзистентна основа за одржување на изборите, иако содржи некои некои нецелосни и неконзистентни одредби.

Законикот не беше изменет и дополнет по неговото донесување. Министерството за правда поднесе предлог амандмани [3] но тие никогаш не беа ратификувани во Собранието. Во 2008 година Министерството изготви дополнителни амандмани[4] но истите не беа поднесени во Собранието пред неговото распуштање.

Иако Изборниот Законик не беше изменет беа донесени неколку закони кои влијаат на изборниот процес и кои во одредени делови се во судир со Законикот. Најсериозниот судир се однесува на постапката по жалбите. Според Изборниот Законик, жалбите по одлуките на Државната изборна комисија (ДИК) се поднесуваат до Врховниот суд. Меѓутоа, неодамна донесените закон за судови и закон за управни спорови, ја пренесуваат надлежноста по жалбите кои се однесуваат на изборниот процес кај новиот Управен суд.[5]

Иако имаше различни мислења во текот на консултациите со Министерството за правда и Врховниот суд, ДИК заклучи[6] дека Врховниот суд е надлежен за решавање по основ на жалбите. Иако без правна сила, ставот на ДИК има значително практично значење бидејќи жалбите против одлуките на ДИК всушност се поднесуваат до ДИК за таа да ги проследи до орган од повисока инстанца.

## V. РЕГИСТРИРАЊЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ

До крајниот рок од 2 мај, 16 политички партии, две коалиции и двајца независни кандидати поднесоа кандидатски листи до ДИК. Едната коалиција водена од страна на ВМРО-ДПМНЕ која се состои од 19 партии настапува под слоганот „Македонија знае!“.

[3] За привремен престој и гласање надвор од земјата, за финансирање на изборните кампањи и за изборни прекршоци
[4] За судските жалби, регистрирање на гласачите, финансирање на кампањите и прекршочните процедури
[5] Овие закони беа донесени подоцна од Законот за избори и се органски закони (изискуваат 2/3 мнозинска поддршка во Собранието)
[6] Со гласање 4-2, со воздржување на Претседателот од гласање.

Другата коалиција е Коалицијата Сонце за Европа предводена од СДСМ и која се состои од осум партии. Нејзиниот слоган е „Доаѓа Сонце“.

По прегледот на поднесените документи на 4 мај, ДИК ја отфрли листата на Семакеднската работничка партија заради неуспех да се комплетира потребната изјава за етничката припадност на некои од кандидатите. Иако ВМРО-НП (Внатрешна Македонска револуционерна организација–Народна партија) не успеа да поднесе потврда за судска регистрација која се бара согласно законот, ДИК одлучи да ја потврди нивната листа бидејќи партијата се наоѓа во судскиот регистар. Меѓутоа, ВМРО-НП подоцна не успеа да отвори жиро сметка за кампањата и како последица на тоа ДИК ја отфрли нејзината кандидатска листа.

Поднесувањето на листата од страна на Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ), партија која нема свои пратеници во Собранието, беше тема која предизвика загриженост во текот на поднесувањето на кандидаскителисти. Нивната листа содржи имиња кои се мошне слични со оние на листата на кандидати на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ). СДСМ поднесе писмен приговор до ДИК. Иако кандидатската листа на СДПМ се смета за обид да се збунат гласачите, ДИК одлучи дека Законот за избори не дава доволна основа за таа да се одбие. Понатамошниот тек на настаните во врска со ова прашање е опишан во делот посветен на приговорите и жалбите подолу во текстот.

Некои од потврдените кандидатски листи вклучуваат кандидати кои биле осудени на казна затвор со времетраење од повеќе од шест месеци. Ова е во спротивност со Членот 7 од Изборниот Законик, кој член Уставниот суд смета дека е во согласност со Уставот[7]. Сепак, ДИК одлучи да не ја примени оваа одредба.

Вкупно 1.540 кандидати на 18 листи се кандидираат за Парламентарните избори во 2008 година во шесте изборни единици. ДИК, на 9 мај јавно, по пат на ждрепка, го одреди редоследот на кандидаските листи на гласачкото ливче.

## VI. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Изборниот Законик предвидува три нивоа на органи за спроведување на изборите кои ги вклучуваат Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИКи) и 2.976 Избирачки одбори (ИОи). Од 2006 година ДИК претставува постојан орган кој ги надгледува општите подготовки на изборите. ДИК е составена од седум члена кои беа назначени во 2006 година на период од пет години. ОИКи се одговорни за надгледување на изборниот процес во секоја општина, а ИОи се одговорни за избирачките места пред и на денот на изборите.

Според Изборниот Законик, во случај на предвремени избори, најголем дел од роковите за изборните дејтвија се скратуваат за пет дена. Ова се втори избори откако ДИК функционира во сегашниот свој состав и МНИ на ОБСЕ/ОДИХР смета дека ДИК има развиено искуство кое ѝ овозможува да работи ефикасно и покрај скратената временска рамка. Формалните седници и голем дел од работните состаноци на ДИК беа отворени за меѓународни и домашни независни набљудувачи. Овластени претставници на подносителите на кандидатски листи досега немаат присуствувано на ниедна од

[7] Одлука Бр. 125/2006-0-0 (21 ноември 2007 година)

седниците на ДИК со исклучок на ждрепката со која се одреди редоследот на кандидаските листи на гласачкото ливче.

Претседавањето со ДИК беше тема на политичка дебата. Согласно Изборниот Законик, Претседателот го номинира главната опозициска партија, а неговиот заменик партијата на власт. Со промената на власта во 2006 година овој баланс се промени и моменталната опозиција побара од Претседателот да поднесе оставка. Како одговор на ова Претседателот го истакна фактот дека тој бил назначен за период од пет години и дека ова назначување во тоа време било одобрено од сите партии во Собранието.

ОИКи и ИОи имаат по пет члена и по пет заменици кои се назначуваат на пет и четири години соодветно. Од 2006 година овие членови се именуваат по пат на случаен избор од редовите на вработените во државната и јавна администрација. Како преодна мерка во 2006 година, изборната регулатива дозволуваше два члена од ИОи и нивните заменици да бидат номинирани од страна на политичките партии[8]. Преодниот период истече и оваа година изборот на овие лица се изведе во согласност со упатството за застапеност на различните етнички заедници во секоја општина и во согласност со одредбата според која 30 проценти од членовите треба да припаѓаат на помалку застапениот пол. Строгите насоки за избор значат дека во одредени случаи членовите на избирачките одбори беа распоредени надвор од нивното место на живеење. [9]. Постојаната професионализацијата на пониските изборни органи, општо земено, е добро прифатена од страна на главните учесници во изборниот процес и постои очекување дека таа ќе придонесе кон подобро спроведување на избори.

До денешен ден ОИКи беа отворени за набљудувачите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР. Меѓутоа, голем дел од ОИКи немаат одржувано редовни работни состаноци досега заради тоа што нивните членови не биле ослободени од нивните вообичаени должности како државни службеници. Понатаму, некои од нив не се жители на местата каде им била назначена одговорноста.

### Гласачки списоци

Јавниот увид и промената на податоците во Избирачкиот список се одвиваше во периодот помеѓу 22 април и 1 мај. Известување за јавниот увид беше објавено во дневните весници и ТВ станици на Македонски, Албански и Турски јазик. Според постоечката законска рамка, Министерството за правда е надлежно за ажурирање и одржување на избирачкиот список. Министерството за правда два пати во годината врши ажурирања со информации кои му се доставени од страна на Министерството за внатрешни работи.

Сé на сé, нешто помалку од 40.000 луѓе ги имаат проверено своите податоци во текот на овој период преку локалните канцеларии на Министерството за правда, преку интернет или преку специјално воспоставена телефонска линија. Ова резултираше со 715 промени во списоците, вклучувајќи 354 починати лица чии имиња беа отстранети од списоците. Во дополнение, 67.191 гласачи кои себеси се идентификуваа како на привремена работа или со престој во странство остануваат на списоците во случај да се вратат за да гласаат. Како и во 2006 година, овие имиња се обележани со ѕвездичка за да се посочи дека треба да се обрне посебно внимание за да се верификува нивниот идентитет доколку се појават на

[8] Еден од владеачките партии и еден од опозициските партии
[9] Најпроблематичниот случај кој до денешен ден е забележан е во Дебарца во југозападниот дел каде 50 проценти од членовите на ИОи доаѓаат од Скопје и треба да се вратат во Скопје за да гласаат.

денот на изборите. Набљудувачите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР беа информирани дека не се знае дали списоците се точни бидејќи не е извршена никаква ревизија на списокот. Вкупно 1.779.116 гласачи се запишани во Избирачкиот список, што претставува пораст од 2% во споредба со 2006 година.

**Едукација на гласачите**

Започнувајќи од 21 мај, ДИК планира кампањи во печатените и електронски медиуми на македонски и на албански јазик. Овие пораки ќе вклучуваат мобилизирање на гласачите, информации за тоа како да се даде глас, како и предупредувања против изборни измами и застрашувања.

**Домашно набљудување**

ДИК акредитираше набљудувачи на една независна домашна набљудувачка група, МОСТ МОСТ спроведува набљудување на изборите од 2002 година и планира, за овие избори, да распореди околу 3.500 набљудувачи. Тие имаат воспоставено 19 канцеларии на терен со долгорочни набљудувачи и вршат набљудување на работата на ДИК. МОСТ, исто така, планира да изврши паралелно броење на гласовите вечерта на изборите со цел да ја провери точноста на броењето на резултатите од страна на изборните органи.

## VII. НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО КАМПАЊАТА

Периодот пред официјалниот почеток на кампањата на 11 мај го карактеризираше висок степен на политички активности, остра реторика и насилни дејствија. Спроведувањето на кампања пред нејзиниот официјален почеток беше дискутирано од страна на ДИК и Советот за радиодифузија, но не беа донесени никакви конечни одлуки. Како одговор на „барањето од јавноста“ владата на 16 мај објави Наредба да се запрат сите кампањи кои ги поддржуваат нејзините политики[10].

Најголемите политички партии беа активни пред официјалниот почеток на изборната кампања преку одржување на партиски конвенции, преку пишување на написи и преку емитување на политички реклами. Реториката честопати беше остра; МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа дека лидерот на една политичка партија се сомнева во легитимитетот на изборната администрација и спроведувањето на законот посочувајќи ја намерата на неговата партија да ги преземе нештата во свои раце. Невладината организација МОСТ одржа прес конференција на која ја повика ДИК да донесе одлука во врска со наводните активности на кампања на главните политички партии кои се случувале во периодот пред официјалниот почеток на изборната кампања.

Во периодот пред официјалното започнување на кампањата имаше серија на официјални владини кампањи кои ги рекламираа владините политики насочени кон промовирањето на подобрениот животен стандард[11].Овие кампањи беа изведувани со висока видливост и на јавните места и во медиумите. Тие се соочија со критики од јавноста, од кои најзабележителни беа оние на партиите од собраниската опозиција.

---

[10] Веб страница на владата http://www.vlada.mk/soopstenija/Maj2008/s16-5-2008.htm 16 мај 2008 година
[11] Дел од прашањата кои се рекламирале биле здравјето на јавноста, пристапот до образование, националната гордост и заштитата на кириличното писмо. Иако овие кампањи не претставуваат прекршување на изборното законодавство тие сепак ги промовираат партиите во власта.

Од денот на свикувањето на изборите се известува за напади врз канцеларии на партии и нивни смпатизери, главно во северниот и западниот дел од земјата населен со доминантно етнички албанско население (Тетово, Гостивар, Куманово). Имаше околу 13 извештаи за случаи на напади врз канцелариите на партијата на етнички Албанци ДУИ. Исто така, има информации за наводно киднапирање и тепање на симпатизери на ДУИ од страна на активисти на ДПА.

Најсериозниот инцидент кој вклучува насилство се случи на 12 мај, еден ден по официјалниот почеток на кампањата, кога неколку истрели од пушка беа испукани врз возила кои го придружуваа претседателот на ДУИ, Али Ахмети, случајно ранувајќи еден минувач. Двјаца осомничени се наоѓаат во притвор. Обвинителство Тетово поднесе обвинение пред основниот суд и започна кривична истрага. Овој инцидент предизвика силана реакција од висок профил од страна на Меѓународната заедница која упати повик за итен прекин на насилството. Вакви повици беа упатени и од страна на Претседателот Бранко Црвенковски.

На 17 мај, Специјалниот претставник на ЕУ и Амбасадорот на САД се состанаа со лидерите на ДПА и ДУИ во Скопје за да ги предупредат против понатамошна употреба на насилство. Сепак, слични инциденти кои вклучуваа огнено оружје продолжија да се случуват, вклучувајќи извештаи на ДПА за барем два случаи на нанесување штета врз нејзините канцеларии и наводна закана кон членови на партијата.

На 8 мај, под покровителство на Националниот демократски институт кој е со седиште во Вашингтон, сите политички партии, учесници во изборната трка потпишаа Кодекс на однесување. Потписниците се заложија да „промовираат слободни и фер избори и клима на демократска толеранција“ како и „јавно да го осудат насилството и застрашувањето“[12].

## VIII. КАМПАЊАТА

Официјалната 20 дневна кампања започна на 11 мај и ќе трае се до полноќ на 30 мај кога започнува 24 часовниот изборен молк. Првите денови на кампањата беа исполнети со активно водење на кампања од страна на некои кандидатски листи.

Согласно законот, градоначалниците на општините треба да назначат простор за поставување на материјалот од кампањата. Се чини дека не сите го имаат сторено тоа, како резултат на што беа пријавени бројни инциденти во кои симпатизери на ДУИ и ДПА влегле во судир во врска со локациите за знамињата и изборните плакати. Набљудувачите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележаа дека знамињата на ДУИ беа истакната на 11 мај, првиот ден од кампањата, но истите беа симнати веќе следниот ден. Во Куманово градоначалникот посредувал договор за поставување на знамињата и изборните плакати, но до денешен ден се чини дека тој не се почитува.

## IX. МЕДИУМИ

Покривањето на изборната кампања од страна на медиумите е регулирано со Изборниот Законик и Законот за радиодифузна дејност. Изборниот Законик ги повикува медиумите

[12] Кодекс на однесување за слободни и фер избори, потпишан на 8 мај 2008 година во Скопје

да обезбедат еднакви услови и еднаков пристап во презентирањето на изборните програми на кандидатите. Исто така, Изборниот Законик го обврзува Собранието да донесе правила за покривањето на изборите од страна на медиумите во текот на официјалната кампања. Меѓутоа, Собранието беше распуштено пред да успее да ги донесе правилата за радиодифузерите за известување во текот на изборите. Советот за радиодифузија, делувајќи на сопствена иницијатива, ги донесе правилата на 18 април, но тие немаат правна сила.

Од 30 април, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР изведува квантитативен и квалитативен мониторинг на шест ТВ станици[13] и шест весници[14]. Периодичните резултати кои го покриваат периодот помеѓу 30 април и 10 мај посочуваат дека, иако сите главни политички партии имале пристап до медиумите, постоел недостиг на баланс во покривањето на најголемиот дел од надгледуваните медиуми. Спротивно на законските обврски и мандатот на јавниот радиодифузер МТВ-2 и во помал обем МТВ-1, покажале пристрасност во прилог на владеачките ВМРО-ДПМНЕ и ДПА како во поглед на времето посветено за покривање на нивните активности, така и во поглед на содржината. Приватната ТВ Сител покажала сличен пристап. Спротивно на тоа, Канал 5 и, во помал обем, А1 и Алсат-М покажале споредбено побалансирана слика на кампањата и нивното покривање покажало претпочитување на коалицијата *Сонце* (предводена од партијата СДСМ) и ДУИ.

Согласно Законот за радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија може да упати предупредувања или привремено да забрани комерцијални реклами. На 21 април, Советот упати предупредување до Јавниот МТВ-2 критикувајќи го за недостиг на баланс во програмите за вести каде, според Советот, главно се фокусирал на ДПА. Набљудувањето на медиумите покажува дека ваквиот тренд продолжил и покрај предупредувањето.

На 7 мај А1, Канал 5 и Сител емитувале 16 минутно покривање на конвенцијата на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ како платена политичка програма, притоа прекршувајќи ги ограничувањата на времето дозволено за емитување рекламни пораки.[15] На 13 мај, Советот за радиодифузија испрати предупредување за Сител и привремено им забрани на А1 и Канал 5 да распределуваат време за политички реклами. На 16 мај Советот за радиодифузија испрати предупредување до 3 приватни радиодифузери за пречекорување на ограничувањата за политички реклами кои се дозволени согласно законот и правилата на Советот.

## X. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Коалицијата *Сонце* предводена од СДСМ поднесе жалба до Врховниот суд во врска со потврдувањето на кандидатската листа на СДПМ која вклучува кандидати со имиња слични на оние на лидерите на СДСМ, но Судот ја одби оваа жалба на 7 мај. Претседателот на Врховниот суд ја информираше МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека оние кои

[13] МТВ-1 (јавен), А1, Канал 5, Сител, МТВ-2 (јавен), Алсат-М
[14] Дневник, Утрински весник, Време, Вечер, Коха, Лајм
[15] Согласно Законот за радиодифузна дејност во текот на периодот во кој не тече кампања ТВ и радио станиците можат да распределат до 12 минути во рамките на 60 минутен час за каква и да е комерцијална реклама. Во текот на официјалната кампања, на радиодифузерите им е дозволено да распределат дополнителни 12 минути во рамките на еден час исклучиво за целите на кампањата, имајќи предвид дека ниедна поединечна партија нема реклама подолга од 8 минути и дека ниедна политичка реклама нема да биде емитувана во текот на 12 минутните рекламни блокови.

сакаат да оспорат листа потврдена од старна на ДИК имаат можност да се обратат до други институции, вклучувајќи го Јавниот обвинител. Откако се појавија информации во јавноста дека некои од кандидатите на листата на СДПМ не се согласиле нивните имиња да бидат на листата, Обвинителот за Скопје побара од полицијата да прибере докази[16]. Ако ваквите тврдења се потврдат, тогаш може да се покренат обвиненија за кривичните дела фалсификување и поднесување на фалсификувани документи.

Во однос на повредите поврзани со кампањата, правната заштита е ограничена и не е целосно регулирана во постоечкото законодавство. Единствената одредба во Изборниот Законик која го регулира ова прашање, им дава можност на кандидатите чии права се повредени „со попречување и оневозможување на кампањата на противкандидатите“ да покренат постапка пред надлежниот Основен Суд (со право на жалба пред Апелациониот суд). Видот на дејствија кои можат да потпаднат во рамките на оваа одредба не е дефиниран, како што не се дефинирани лицата против кои би се водела постапка (вклучувајќи кандидати или организатори на кампањи, приватни лица, или пак општински или државни службеници). Иако зборовите „попречување и оневозможување ... кампања“ се исти како и во Член 181од Законикот кој се однесува на прекршоци, основниот член (Член 73) не посочува дали постапката по својата природа ќе биде граѓанска или кривична.

ОБСЕ/ОДИХР увиде дека судиите во основните судови во голема мера не се запознаени со сопствената улогата при пружање заштита во случај на повреда на правата во кампањата и завземаат различни ставови.

## XI. УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Согласно Изборниот Законик, составот на органите за спроведување избори треба да исполни определени критериуми за полова и етничка застапеност. Законот за избори пропишува дека во општините каде барем 20 проценти од населението припаѓа на „друга етничка заедница“, составот на изборните тела мора да биде заснован на принципот на „соодветна и правична застапеност“ при што употребата на јазиците на етничките заедници во изборната администрација е задолжителна. Овој услов се однесува на гласачките ливчиња и на целиот официјален изборен материјал и документи. Принципот на соодветна и правична етничка застапеност во органите за спроведување на изборите, општо земено, е почитуван. Изборниот Законик, исто така, предвидува најмалку 30 отсто застапеност на секој од половите во составот на органите за спроведување на изборите.

Понатаму, одредбите на Изборниот Законик воспоставуваат полова квота за кандидатските листи, според која во поднесената листа на кандидати за пратеници од почетокот на листата, на секои три места од листата, најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол. Оваа одредба беше почитувана од најголем број подносители на кандидатски листи. Бројката на жени кандидатки изнесува 544 од 1.540, или пак 35% од вкупниот број на кандидати.

## XII. АКТИВНОСТИ НА МНИ НА ОБСЕ/ОДИХР

Шефот на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР беше примен кај Претседателот Бранко Црвенковски, Премиерот Никола Груевски и лидерите на сите главни политички партии. Се воспостави

[16] Либерално-демократската партија, членка на коалицијата, исто така побара од обвинителот да спроведе истрага.

редовен контакт со Државната изборна комисија. Првиот состанок со претставниците на амбасадите на земјите учеснички во ОБСЕ беше одржан на 6 мај.

ОБСЕ/ОДИХР побара од земјите учеснички во ОБСЕ да номинираат 250 краткорочно ангажирани набљудувачи. Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС ОБСЕ) и Парламетнарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), исто така, ќе испратат делегации за набљудување на изборите. На 7 мај, Претседавачот на ОБСЕ го назначи Заменик Претседателот на ПС ОБСЕ, Г-ѓа Пиа Крисмас Молер, за Специјален координатор на краткорочните набљудувачи на ОБСЕ.